РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Агенцијата за електронски комуникации

Бр. 03-28

Скопје 09.12.2020г.

Предмет: Информација во врска со доставена претставка

Почитувани,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по електронски пат беше доставена Претставка (наш бр.03-28 од 30.11.2020 година) од страна на Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО Скопје. Во истата е наведено дека компанијата „Robin Hood ИПТВ Македонија“ нуди услуги на крајни корисници поврзани со пристап до програмски сервис, спротивно на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во регистарот на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи што го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема евидентирано оператор со назив „Robin Hood ИПТВ Македонија“. Поради ова се отвари сомнеж дека овој субјект бесправно нуди услуги во кои се инкорпорирани авторски и сродни права што претставува кривично дело, па поради тоа Агенцијата ја препрати претставката до Министерството за внатрешни работи на Р.С. Македонија – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал и до Координативното тело за интелектуална сопственост.

Ви ја доставуваме оваа информација со цел преземање на дополнителни дејствија за санкционирање на овој субјект, доколку согласно Вашите законски надлежности такви дејствија се предвидени.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Прилог: (1):

-Претставка (наш бр.03-28 од 30.11.2020 година)